**20250030053**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ – СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Се прогласува Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2024 година.

Бр. 08-6480/1
27 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ – СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Член 1

Во Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 77/21) во членот 4 зборовите: „Министерството за економија” се заменуваат со зборовите: „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.